# Записник од одржан состанок на Ученички парламент

**(Конститутивна седница на Ученички парламент)**

**Дневен ред:**

1. **Конституирање на Ученички парламент;**
2. **Разгледување и утврдување на Годишен план на ученички парламент;**
3. **Избор на раководство на Ученички парламент;**
4. **Избор на координатори на одделенија:**
5. **Избор на претставници за Училиштен одбор;**
6. **Прашања и предлози;**

Наставниците-координатори и директорот на училиштето ги запозна членовите на Ученички парламент со Дневниот ред на овој состанок со редоследот.

Оваа седница е Конститутивна седница на Ученички парламент, во којашто по претходна покана се собраа членовите. Во претходно одржани состаноци на одделенскте часови, сите одделенија имаа задолжанија да изберат Раководства на одделенија според процедура за избор. Во Ученички парламент членуваат претседатели на сите одделенија од 6 до 9 одд. На состанокот беа присутни сите 8 претседатели на одделенија, со што се констатираше дека Ученичкиот парламент е конституиран, а се разгледа и утврди Годишниот план на Ученички парламент.

Во однос на третата точка од страна на претседавачот на конститутивна седница-директорот на училиштето, најпрвин беше формирана комисија од тројца членови која го спроведуваше изборот за претседател на ученички парламент.

За претседател на ученички парламент се кандидираа три ученика: Анабела Димковска, Марио Ѓорѓиевски и Матеј Петковски а, кои пред останатите членови од ученички парламент ги презентираа своите идеи за застапување на интересите на сите ученици во училиштето. По пат на тајно гласање од членовите на ученички парламент, за претседател на ученички парламент беше изгласана ученичката Анабела Димковска од IX-2 одделение. За заменик-претседател беше избран Марио Ѓорѓиевски од VIII-1 одд. , а за секретар Матеј Петковски од VII-2 одд.

Исто така, формирано е координативно тело на Ученички парламент составено од Маја Станковски, библиотекар, Николче Јакимовски, наставник по македонски јазик, како и координатори на секое одделение и тоа:

- Координатор на VI одделение: Кевсер Сакиповска, VI-1одд. ;

- Координатор на VII одделение: Драгана Петрушевска , VII-1 одд.;

- Координатор на VIII одделение:Лела Пандиловска, VIII-2 одд.;

- Координатор на IX одделение: Теја Бејчевска, IX-1 одд.

Во однос на петтата точка, УП за свои претставници во Училиштниот одбор ги предложи: Теја Бејчевска и Матеј Петковски.

Во однос на шестата точка, членовите на парламентот, немаа дополнителни прашања и состанокот беше завршен.

**Записничар:**

**Матеј Петковски**

**Одобрено од :**

**Николче Јакимовски**

**Маја Станковски**

**Куманово, 3.10.2023**

СПИСОК

На присутни членови  на Ученички парламент за учебната 2023/2024

| Име и презиме на ученикот | Одделение | Своерачен потпис |
|---|---|---|
| Кевсер Сакиповска | VI-1 | |
| Анеса Мустафа | VI-2 | |
| Драгана Петрушевска | VII-1 | |
| Матеј Петковски | VII-2 | |
| Марио Ѓорѓиевски | VIII-1 | |
| Лела Пандиловска | VIII-2 | |
| Теја Белчевска | IX-1 | |
| Анабела Димковска | IX-2 | |